РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
бр. 04-8/1
12.01 20 26 год.
Битола

Врз основа на член 4 став (1), став (2) од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување и пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно – техничка служба во НУ Центар за култура – Битола, член 77-в и 77-г од Законот за култура („Службен весник на РМ"бр. 66/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20 – г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20, 302/20, 208/24 и 144/2025), член 22 став (1) алинеја 1), став (4) од Законот за работните односи (Службен весник бр. 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 106/2014, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018, 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023), Националната установа Центар за култура – Битола објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2026

за вработување на работник на неопределено време

1. **КУЛ 03 04 Г02 001 Стручен соработник за сценско музичка дејност – 1 (еден) извршител.**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови: најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен- музички уметности; етнологија и етногенеза, или завршено средно музичко образование; најмалку пет години работно искуство во струката; познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски); сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови: да е државјанин на Република Северна Македонија; активно да го користи македонскиот јазик; да е полнолетен; да има општа здравствена способност за работното место; и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Распоред на работно време: Работни денови: понеделник-петок; Работни часови неделно: 40 часа; Работно време: од 08:00 до 16:00 ч.

Паричен нето износ на основна плата: 51.156,00 денари (во кој не е вклучен додатокот на плата врз основа на работен стаж).

Рок за доставување на пријава за вработување: 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето во дневните весници.

Пријавата за вработување на работно место содржи:

Scanned with CamScanner

–Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница), како и кратко мотивациско писмо;

–Кратка биографија;

Кандидатите за работните места кон пријавата за објавениот оглас треба да приложат во оргинална форма или копија заверена на нотар:

1. Доказ за државјанство на Република Северна Македонија;
2. Доказ за општа здравствена состојба/лекарско уверение (не постаро од шест месеци сметано од денот на поднесување на пријавата);
3. Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за вршење професија, дејност или должност/потврда (не постаро од шест месеци сметано од денот на поднесување на пријавата);
4. Уверение/диплома за завршен степен на образование;
5. Доказ за работно искуство.

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (во хартиена форма, во оргинална форма или копија заверена на нотар) кандидатите треба да ја достават до архивата на установата или по пошта на следната адреса:
Националната установа Центар за култура – Битола, Широк Сокак бр. 60, Битола (со назнака: „За Јавен оглас бр.1/2026")

Постапката за селекција за вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју. Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

Ненавремени и некомплетни пријави и документи нема да се разгледуваат.

НУ Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски

Scanned with CamScanner